јануари - април 2017

# МЕД македонско еколошко друштво

# ИНФОРМАТОР #33



# Мониторинг на диви животни на Осогово










Во март, како дел од проектот „Поддржување на одржлива иднина за луѓето и природата на Осоговските Планини“, беше организирана првата прекугранична средба за членовите на Мониторинг мрежата за диви животни на Осоговските Планини.

Средбата се одржа во Македонска Каменица, каде учествуваа околу 40 учесници од бугарскиот и македонскиот дел на Осогово, пред сè претставници на шумските стопанства, ловните друштва и концесионери на ловишта кои се наоѓаат на територијата на овие планини.

Целта на средбата беше запознавање на членовите, размена на искуства, како и зацврстување на постоечката и поттикнување на идна прекугранична соработка. Исто така, беа презентирани досегашните резултати од спроведените мониторинг активности од двете страни на Осогово.

Освен работниот дел, во рамките на средбата беше организирана посета на пограничниот појас над Македонска Каменица, на потегот од Сива Кобилица, Омар, Костин Дол до Луковица. За време на прошетката, претставниците на Ловното здружение „Саса“ од Македонска Каменица, имаа можност да ја демонстрираат нивната теренска работа со проверка на камера замките и следење на траги од диви животни, како дел од редовните мониторинг активности кои се спроведуваат во рамките на заедничката работа на Мониторинг мрежата за Осогово.

Контакт: Светлана Пејовиќ
***arsovska@mes.org.mk***

# ИНФОРМАТОР #33

## Стратешки план на МЕД
## (за период 2017-2019 година)

Со текот на годините, организацискиот раст на МЕД и зголемениот број активности ја наметна потребата за развивање функционален стратешки план кој ќе го води натамошниот развој на организацијата. Процесот на подготовка на новиот стратешки план на МЕД беше спроведен во текот на 2016 година преку неколку состаноци и работилници и со експертска поддршка од страна на Бирдлајф.

Потребата за ревидирање на визијата и мисијата на МЕД произлезе уште на подготвителниот состанок за самооценка на капацитетите.

МЕД одлучи во периодот 2017 – 2019 година својата работа да ја фокусира на пет тематски области: зачувување на видови и хабитати; заштита на важни подрачја и залагање за еколошки мрежи (био-коридори); подигање на јавната свест и еколошко образование; промовирање и зајакнување на екологијата и сродните науки, и организациски развој на МЕД.




Акцискиот план е прилично амбициозен, и неговото спроведување е можно само преку продолжена и зајакната соработка со државните и локалните институции, локалните конзервациски групи и други засегнати страни!

Контакт: Робертина Брајаноска
***brajanoska@mes.org.mk***

## Годишно собрание

Годишната седница на Собранието на МЕД се одржа на 10.03.2017 година. Покрај годишниот извештај за работата на МЕД во 2016 година и планот за работа за 2017 година на седницата беше разгледан и донесен новиот Стратешки план на МЕД за периодот 2017-2019 година. Исто така, се дискутираше и за актуелните теми и состојби со животната средина во Македонија, особено за намерата за изградба на ветро парк на екстремно чувствителниот локалитет Богословец и изградбата на рудник за злато во гевгелиско. МЕД ќе обезбеди професионална поддршка во рамките на своите капацитети и ќе соработува со локалните граѓански здруженија кои ги пратат овие процеси.

Оваа година беше изборна, така што членовите го изгласаа новиот состав на Собранието кое брои 21 член.

Им посакуваме успешна работа!

# Маја – првата женка балкански рис која носи околувратник!



Маја е името на првата женка балкански рис која е заловена за научни цели на 18 февруари 2017 година. Тимот од Македонското еколошко друштво, потпомогнат од овогодинешните стажанти и членови на мониторинг мрежата, пронајде свеж плен на кој беа поставени специјални стапици за заловување рисови. По неполни 12 часа чекање, рисот се врати на својот плен и беше успешно заловен. Алармниот систем веднаш го извести тимот за фаќањето, а истиот се најде на местото за 10тина минути.

Процедурата која опфаќа имобилизирање, успивање, поставување на ГПС околувратник, земање крв и вршење на потребните биометриски мерења, траеше околу 50тина минути. По овој процес, рисот беше пуштен на слобода и следен во наредните денови. Со пронаоѓање на неговиот следен плен, беше утврдено дека рисот е во добра здравствена состојба.

До почетокот на мај 2017, Маја се движи на територија од околу 50 квадратни километри и има силна индикација дека се работи за територијална единка бидејќи после цели 2 месеци нејзината територија незначително се променува. Што се однесува пак до спектарот на исхрана, тој е прилично едноставен и се состои од срна и зајак. Доколку околувратникот испраќа сигнали доволно долго, би можело да се види дали Маја ќе има пород, а со тоа да се следи нејзиниот репродуктивен успех.



На почетокот на февруари оваа година започна и сесијата со фото замки во ловиштето Тајмиште, на источните падини на планината Бистра. Ова ловиште е управувано од страна на ловното друштво Сокол од Зајас со кое МЕД оствари одлична соработка.

Вкупно беа поставени 35 камери на 35 различни локации. Беа сликани 26 слики од рис кои припаѓаат на вкупно 3 различни единки. Интересен податок е тоа што рисот Деки кој беше заловен за прв пат во 2016 година, беше сликан во неколку наврати во ловиштето Тајмиште. Сесијата исто така успеа да ги документира и останатите шумски цицачи кои го делат просторот со балканскиот рис: мечка, волк, лисица, дива свиња, дива мачка, куна, срна, зајак, јазовец.

MAVA FONDATION POUR LA NATURE · KORA · euronatur · МЕД MES

Контакт: Диме Меловски
*melovskid@mes.org.mk*

# ИНФОРМАТОР #33

## Проект за зајакнување на капацитетите на наставниот кадар во Македонија во рамките на програмата Еразмус+

**Македонското еколошко друштво заедно до пет Европски еколошки организации и Универзитетот од Гданск, Полска го започна проектот „Зголемување на можностите на наставниците и учениците за подобар живот преку природа" под програмата Еразмус+.**

**Наставници од градинки и основни училишта од Македонија, Полска, Ирска, Чешка, Шпанија и Словачка ќе добијат на располагање современи, креативни и релевантни ресурси за настава како и поддршка и обука за да може да спроведат тематска едукативна програма за птиците и природата како дел од нивната постојна програма.**



Материјалите кои ќе бидат подготвени во рамките на проектот содржат методологија за предавање, практични насоки и планови за час, истовремено обезбедувајќи им на наставниците интерактивни дигитални технологии за едукација на деца. Меѓународната обука за наставници ќе биде одржана во Ирска во 2018 година и ќе собере на едно место 60 наставници од сите земји партнери на проектот. Едукативните материјали ќе бидат бесплатно достапни за сите заинтересирани наставници заедно со видео обука.

Преку подобрувањето на квалитетот на раната едукација за природа се надеваме дека проектот ќе влијае на идните способности за учење. Исто така, ќе придонесе и за развивањето на свеста на младите ученици за нивното влијание врз животната средина, ќе поттикне почит за природата и луѓето, и ќе ги зајакне нивните способности за критичко размислување. Ваквите способноста учениците ќе можат да ги искористат за решавање на локални и глобални проблеми.

Проектот ќе биде спроведен во партнерство на искусни еколошки организации од мрежата на BirdLife, кои промовираат едукација за животната средина. Покрај Македонското еколошко друштво проектот ги обединува и Полското друштво за заштита на птици, BirdWatch од Ирска, Чешкото, Шпанското и Словачкото орнитолошко друштво, а експертска поддршка обезбедува Универзитетот на Гданск, кој е одговорен за создавање на едукативните материјали.

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Контакт: Ксенија Путилин
*putilin@mes.org.mk*

BirdWatchIreland protecting birds and biodiversity · ČSO · МЕД MES · BirdLife INTERNATIONAL · Otop · SEO BirdLife · SOS/BirdLife SLOVENSKO

# Меѓународно пребројување птици, 2017



Меѓународното пребројување птици за 2017 година во Македонија се спроведе во два викенди.

На 14-15 јануари се избројаа птиците на Преспанско и Охридско Езеро, во вкупен број од 27000 и 9500 единки птици соодветно. Следниот викенд - 21-22 јануари беа изброени птиците на Дојранско Езеро (изброени околу 6100 единки) и неколку стотини на други влажни живеалишта и акумулации во регионот.

Временските услови беа предизвик, особено на Дојранско езеро кое беше потполно заледено, со десетина отвори во мразот.

Бидејќи сите три природни езера се погранични влажни живеалишта, беа пребројувани симултано со колегите од Албанија (AOS – Albanian Ornithological Society и PPNEA) и Грција (Hellenic Ornithological Society и Society for Protection of Prespa).



Меѓународното пребројување птици е мониторинг програма која се спроведува во 143 земји низ светот (од 4 различни регионални шеми кои ги претставуваат најголемите светски прелетни патишта за птици) при што се собираат податоци за бројот единки водни птици на различни водни површини. Сите мониторинг активности ги координира Wetlands International.

Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

# ИНФОРМАТОР #33

## Модровраните добија бесплатни домови!

**МЕД и ЕВН Македонија поставија куќарки за гнездење за модроврани, пилот активност со цел да се зголемат можностите за гнездење на овој егзотичен вид птици.**

Модровраните имаат ограничен ареал на распространување во Македонија – најчесто се среќаваат во централните, источните и североисточните делови од земјата. Специфични се бидејќи гнездат во дупки во дрвја, но лесно прифаќаат гнездечки структури кои се безбедни и поставени во нивното типишно живеалиште.

Овој вид гнезди покасно во гнездечката сезона и ги очекуваме да се појават во нивните живеалишта до крајот на април.

А ние нестрпливо ќе го чекаме нивото доаѓање!









Контакт: Данка Узунова
***uzunova@mes.org.mk***

# ИНФОРМАТОР #33

## Пролетта Доаѓа, а со неа и младите пилиња!

Како и секоја година и оваа ќе зборуваме за птиците преселници во рамките на кампањата Пролетта Доаѓа која се спроведува низ цела Европа и Африка.

Оваа година фокусот на кампањата Пролетта Доаѓа ќе бидат младите пилиња кои често се забележуваат во пролетта. Многумина кои виделе младо надвор од гнездо пробале да го „спасат“ но, ретко кога на овие кревки и бушави пилиња навистина им треба спасување. Најчесто, на овие пилиња им е потребно само да ги оставиме и да се оддалечиме без да ги вознемируваме. Но, за сите случаи кога ќе видите младо пиле и ќе посакате да се вмешате запомнете ги следниве чекори и совети:







| NO | COUNTRY | NO | COUNTRY |
|---|---|---|---|
| 1 | Ireland | 6 | România |
| 2 | Македонија | 7 | Azərbaycan |
| 3 | Беларусь | 8 | Slovenija |
| 4 | Česká republika | 9 | Schweiz / Suisse / Svizzera |
| 5 | Srbija | 10 | Lithuania |

Оваа кампања ја слави пролетната преселба на птиците од Африка во Европа и ги охрабрува најмладите да излезат во природа и да го следат будењето на природата. Младите истражувачи и познавачи на птиците ги покануваме да ни пријават кога прв пат ќе видат ластовица, штрк, кукавица, пиштарка или пчеларка на веб страната: www.springalive.net.

На оваа страница веќе стигнаа и првите пријави за видени птици преселници и со нив Македонија се најде на второ место!

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***

Оваа кампања ја спроведуваме со поддршка од Бирдлајф и финансиска поддршка од фондацијата Мицубиши за Европа и Африка.

# ИНФОРМАТОР #33

## Земја за луѓе и штркови – Чешиново-Облешево!



Заедно со општината Чешиново-Облешево, локалното население и училиштата ја продолжуваме работата на проектот за развој на селото на штрково кое е дел од Европската мрежа кој оваа година е силно фокусиран на обезбедување на поддршка за зачувувањето на хабитатите кои им се потребни на штрковите.

Како за почеток ние првиот ден од пролетта го прославивме на терен во Чешиново-Облешево, каде заедно со децата од училиштата проверивме дали сите штркови се вратиле во своите гнезда.









Повторно наш партнер е Еуронатур од Германија, а финансиите ги обезбеди фондацијата Циконија.

euroNATUR

CICONIA

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***

ШАРА - SHARRI

# Промовирана планинарска мапа за Шар Планина

**20 април 2017, Тетово** - Платформата Пријатели на Шара и МЕД на 20 април 2017 година одржаа еднодневна трибина со наслов „Важноста на планинарските патеки за развој на руралниот еко-туризам на Шар Планина“ во Тетово.

На оваа трибина беа презентирани постоечките планинарски патеки на Шар Планина и нивниот потенцијал за мрежно поврзување со бизнис секторот и општините со цел развој на планинскиот и еко-туризмот во регионот.



- „Нашата визија е во иднина секоја општина да биде добро поврзана со Шар Планина и секој домашен или странски турист да знае какви капацитети и локалитети постојат во секоја од општините“, изјави Јован Божиновски од планинарското друштво „Љуботен“ од Тетово.

На трибината учествуваа претставници од платформата Пријатели на Шара, Македонско еколошко друштво и Македонска асоцијација на интернационални водичи во планина како и голем број на планинарски друштва од регионот, претставници од општините и бизнис секторот. Во рамки на настанот беше промовирана и мапа со 54 планинарски патеки на Шар Планина.

Овој настан беше поддржан од проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо искористување на ресурсите на Шар Планина“ спроведуван од МЕД и платформата „Пријатели на Шара“.



euroNATUR

sponsored by DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt

МЕД MES

CED Center for Education and Development

И Р З Институт за развој на заедницата Community Development Institute Instituti për Zhvillim të Bashkësisë

ПЛАНИНАРСКИ КЛУБ ЉУБОТЕН 1925

Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин
***pandurska@mes.org.mk***